ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ЗА МОНИТОРИНГ НА

# ГОВОРОТ НА OМРАЗА

НА ЛОКАЛНО НИВО ВО ГРАДОВИТЕ ТЕТОВО, БИТОЛА И ШТИП


ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА



СКОПЈЕ, ДЕКЕМВРИ 2020



FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА МОНИТОРИНГ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА НА ЛОКАЛНО НИВО ВО ГРАДОВИТЕ ТЕТОВО, БИТОЛА И ШТИП

СКОПЈЕ, ДЕКЕМВРИ 2020

**Издавач**
Хелсиншки комитет за човекови права,
претставуван од претседателката проф.д-р Неда Здравева

**Уредничка**
Уранија Пировска, извршна директорка

**Автори**
Славица Анастасовска, Оливер Митов

**Стручен соработник**
Александар Јованоски

**Лектура**
Наташа Пешевска

**Тираж**
100 примероци

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Проектот е финансиран од Фондацијата Отворено општество – Македонија.
Содржината е единствена одговорност на авторите и на грантистот, и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондацијата Отворено општество – Македонија.

# СОДРЖИНА

Вовед — 7

Методолошки пристап при изработка на извештајот — 8

Цел на извештајот — 9

Општа состојба со проблемот на говорот на омраза на национално ниво за 2020 година — 9

Говор на омраза на локално ниво со посебен осврт на градовите:
Тетово, Битола и Штип – – – 13

Сознанија од Секторите за внатрешни работи од
Тетово, Битола и Штип – – – 25

Заклучоци – – – 26

Препораки – – – 27

# ВОВЕД

Говорот на омраза и агресивната комуникација постојано се присутни во медиумите, на социјалните мрежи, како и во секојдневното комуницирање. Ваквиот говор е прифатен како еден вид „нормално изразување" на ставови, со кој луѓето даваат критички осврт или негодуваат околу одредена тема или општествена појава. Нетолеранцијата и нетрпеливоста во јавната комуникација е последица на вкоренетите предрасуди и стереотипи кон различни групи во нашето општество. Една од бројните дефиниции што ја определуваат есенцијата на проблемот е дека говорот на омраза е впечатлив облик на изразување, кој се смета за навредлив за која било расна, религиозна или национална група[1].

Таквата состојба ги предизвикува и злосторствата од омраза[2], односно вербално изразената нетрпеливост честопати води кон насилни инциденти, во кои жртви и извршители се претежно млади луѓе.  Насилствата помеѓу навивачки групи се една од најчестите и најилустративни форми на дела од омраза присутни кај нас.

Слободата на изразување претставува темелно право заштитено со домашни[3] и меѓународни правни акти[4], но сепак е тешко јасно да се постават нејзините граници. Понекогаш, линијата е толку тенка, што слободното изразување  многу  лесно преминува во говор на омраза. Оттаму, еден од основните предизвици во оваа област е препознавањето и дефинирањето на говорот на омраза, а потоа и спречувањето и санкционирањето на таквиот говор.

Правосудниот систем, а пред сè јавното обвинителство, има клучна улога во овој процес, имајќи ја обврската да воспостави ефикасни механизми на заштита и ефективна превенција, преку одмерен пенолошки пристап на генерален и специјален план. Неказнивоста  на говорот на омраза е недозволива.

За силниот интензитет на говорот на омраза во македонски контекст, особено важен фактор е етничката, политичката и социјалната поделеност во општеството. Видливоста на оваа појава е особено изразена на социјалните мрежи[5] што се должи на нивното сè помасовно користење. Една од основните карактеристики на говорот на омраза на интернет е анонимноста[6]. Користењето на социјалните мрежи не бара откривање на вистинскиот идентитет на поединецот. Тоа ги охрабрува луѓето да го кажат она што инаку не би го рекле лице в лице[7]. Друга препознатлива карактеристика на говорот на омраза на социјалните мрежи е постоењето на физичко растојание помеѓу говорителот и публиката, а тоа пак дополнително го поттикнува поединецот да го изрази својот револт, гнев, нетрпеливост преку ширење омраза кон други луѓе и кон цели групи граѓани.

Во текот на 2020 година беа забележани значителен број случаи на говор на омраза врз основа на етничка припадност, политичка припадност и кон лицата со различна сексуална ориентација и родов идентитет. Етничката припадност предничи како основа и на национално и на локално ниво во набљудуваните средини. Споредено со претходните години нема подобрување во однос на состојбата со говорот на омраза во 2020 година.

[1] Samuel Walker, Hate Speech: The History of an American Controversy, Lincoln University of Nebraska, Press. 1994

[2] Како дело од омраза изречно предвидено со одредбите од Кривичниот закон, се смета кривично дело против физичко или правно лице и со нив поврзани лица или имот кое е сторено во целост или делумно поради реална или претпоставена (замислена, вообразена) карактеристика или поврзаност на лицето што се однесува на раса, боја на кожа, националност, етничко потекло, религија или уверување, ментална или телесна попреченост, пол, родов идентитет, сексуална ориентација и политичко уверување.

[3] Член 16 од Уставот на Република Северна Македонија го гарантира слободата  на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата. Се  гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање.

[4] Член 19 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права: Никој не смее да биде вознемируван за своето мислење и секој има право на слобода во изразувањето. Членот 10 од ЕКЧП исто така ја гарантира слободата на мислата и изразувањето.

[5] На платформата www.govornaomrza.mk, во 2020 година   е регистриран зголемен број на пријави за случаи на говор на омраза за 280% во споредба со  2019 година.

[6] Brown, A. (2017) »What is so special about online (as compared to offline) hate speech?«, Ethnicities, 2 – 118

[7] ibid

# МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП ПРИ ИЗРАБОТКА НА ИЗВЕШТАЈОТ

При изработка на извештајот проектниот тим користеше аналитичко - синтетички пристап во однос на прибирање на податоци, нивно документирање и анализа. Процесот на прибирање на податоците, односно на забележаните случаи на говор на омраза во градовите Тетово, Битола и Штип се вршеше на месечно ниво.
Хелсиншкиот комитет за човекови права за потребите на проектот „Заедничка акција против говорот на омраза" ангажираше шестмина надворешни соработници. По двајца соработници од Тетово, Битола и Штип, во координација со проектниот тим, го следеа говорот на омраза во нивните градови. Надворешните соработници беа обучени да препознаат говор на омраза, да го утврдат правниот основ, заштитната карактеристика и да прават дистинкција помеѓу говор на омраза и навреда или клевета. Случаите на говор на омраза беа пријавувани од надворешните соработници и потоа беа потврдени и верифицирани од проектниот координатор. Анализата на одобрените пријави на случаи на говор на омраза се извор за изготвување на извештајот.

Следењето на говорот на омраза на локално ниво подразбира и директно теренско набљудување на случаите преку следење спортски натпревари и други јавни настани на кои се собираат луѓе - концерти, изложби, политички средби и слично. Но, рестриктивните мерки за превенција од Ковид - 19 го оневозможија организирањето јавни настани, па во овој случај изостана и нивниот мониторинг. Предмет на следење беа локалните печатени и електронски медиуми, а паралелно се набљудуваше и интернет просторот. Исто така, во трите градови беа евидентирани графити и цртежи со пораки на говор на омраза, испишани на јавни простори и површини.

Од методолошки аспект, како најсоодветни алатки за изготвување на извештајот се користени техники на прибирање и обработка на податоци преку директно набљудување и забележување. Онлајн платформата www.govornaomraza.mk[8] е искористена како алатка со која пријавените случаи на говор на омраза се квалитативно и квантитативно обработувани Притоа, според добиените статистички податоци се извлечени заклучоци за интензитетот и за најзастапените основи на говор на омраза.

Во рамки на проектните активности беа остварени вкупно три работни средби со претставниците на Секторите за внатрешни работи од трите града. Проектниот тим ги анализираше добиените сознанија од состаноците за проблемите со кои се соочуваат истражителите од трите града. Тие се поврзани со собирањето докази, како и откривањето сторители и процесирање на случаите на говор на омраза пред судовите. Овој пристап на директна соработка и состаноци со претставниците на Министерството за внатрешни работи претставува дополнителна алатка за анализа на ефикасноста на правните механизми за спречување на говорот на омраза.

Извештајот го опфаќа временскиот период од 1 јануари 2020 година до 30 ноември 2020 година.

[8] Интернет - платформа за следење на говорот на омраза во Северна Македонија

# ЦЕЛИ НА ИЗВЕШТАЈОТ

Извештајот има за цел да ги презентира случаите на говор на омраза во три локални средини во текот на 2020 година, истовремено анализирајќи ги актуелните трендови во областа.

Исто така, извештајот е во насока на исполнување на општата цел на проектот ,,Заедничка акција против говор на омраза", за подигнување на јавната свест за важноста на толеранцијата, почитувањето и еднаквоста, наспроти штетните последици од омразата во јавниот дискурс.

## Општа состојба со проблемот на говорот на омраза на национално ниво за 2020 година

Со воспоставување на веб - платформата **govornaomraza.mk** во 2014 година, Хелсиншкиот комитет за човекови права започна да прибира податоци за состојбите во оваа област, имајќи ги предвид штетните последици од ширењето омраза за безбедноста на граѓаните и за општествената кохезија. Притоа, се издвојува алармантниот податок дека во периодот 2018 - 2020 година е забележан тренд на зголемување на говорот на омраза, а бројот на случаи секоја година е двојно поголем од претходната[9].

Во **2018 година** се регистрирани 132[10] случаи на говор на омраза, од кои 64 се врз основа на етничка припадност, 43 случаи врз основа на политичка припадност, 29 случаи на говор на омраза врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, а 16 случаи се врз основа на пол и род. Понатаму се евидентирани случаи кои се однесуваат на излагање на подбив на претставници на странски држави (12 случаи) и говор на омраза врз основа на раса, боја на кожа (7 случаи). Останатите случаи се говор на омраза поради социјално потекло, религија и религиско убедување, како и говор на омраза кон претставници на меѓународни организации.
Дури повеќе од 1/3 од случаите, односно 34 %, се случаи на говор на омраза врз основа на етничка припадност, а со 24% следат случаите на говор на омраза врз основа на политичка припадност.

Во **2019 година** е забележано зголемување на регистрираните случаи на говор на омраза споредено со претходната 2018 година. На платформата govornaomraza.mk се регистрирани 538[11] случаи на говор на омраза, од кои 207 случаи се говор на омраза врз основа на етничка припадност, 206 случаи на говор на омраза врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, 112 случаи на говор на омраза врз основа на политичка припадност, 109 случаи на говор на омраза врз основа на пол и род. Во 2019 година, говорот на омраза врз основа на етничка припадност и говорот на омраза врз основа на сексуална

[9] Извор веб - платформа www.govornaomraza.mk
[10] Ibid
[11] Ibid

ориентација и родов идентитет се најзастапени, со по 30% од вкупниот број на случаи.

Во **2020 година** бројот на случаи на говор на омраза повторно се зголеми и тоа приближно за двапати во споредба со претходната 2019 година. Во 2020-та се регистрирани вкупно 1119[12] случаи. Етничката припадност и понатаму е најзастапен основ, препознаен во 611 случаи. 340 од случаите на говор на омраза се врз основа на политичка припадност, 273 случаи врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, 64 случаи врз основа на социјално потекло и 59 случаи на говор на омраза врз основа на пол и род. И понатаму, најзастапен облик, со 41% од вкупно регистрираните случаи, е говорот на омраза врз основа на етничка припадност, а со 23% застапеност, следи говорот на омраза врз основа на политичка припадност. Омразата кон припадниците на ЛГБТИ заедницата котира на високото третото место со 18 % од вкупниот број на регистрирани случаи на говор на омраза во 2020 година.

И овие последни податоци потврдуваат дека етничката и политичката припадност, како и сексуалната ориентација и родовиот идентитет се најзастапените видови на говор на омраза во Северна Македонија во континуитет од неколку години.

## Приказ на тренд на говор од омраза од ноември 2018 до ноември 2020 година




Анализирајќи ја состојбата на говорот на омраза на национално ниво, може да се заклучи дека зачестената присутност на ваквиот говор е тесно поврзана со општествено -политичките случувања. Во 2020 година неколку значајни настани предизвикаа лавина од коментари на социјалните медиуми. Тие настани ги одбележаа таканаречените „пикови“ на документирани случаи на говор на омраза во 2020 година на национално и на локално ниво.

Во **јануари** 2020 година беше објавена кампањата „Дискриминацијата завршува со мене"[13], наменета за унапредување на правата на ЛГБТИ заедницата. Оваа кампања беше критикувана со големи изливи на омраза кон ЛГБТИ заедницата. На денот

[12] Ibid
[13] https://theworldnews.net/mk-news/kampanja-diskriminatsijata-zavrshuva-so-mene

на започнување на кампањата, 31 јануари, на платформата www.govornaomraza.mk се регистрирани најголем број случаи на говор на омраза врз основа на сексуална ориентација.[14] Половина од вкупно пријавените 68 случаи во тој месец се врз таа основа.

Во **февруари** 2020 година[15], распуштањето на Собранието по повод предвремените парламентарни избори и донесувањето на пакет закони, меѓу кои и Законот за јавното обвинителство, предизвика бран на говор на омраза кон политички неистомисленици, а присутен беше и говорот на омраза помеѓу различни етнички групи[16]. Од пријавените 62 случаи, 30 се засновани на етничка припадност,  а 17 случаи на политичка припадност.

Прогласувањето на вонредна состојба во **март** 2020 година[17] поради ризик од неконтролирано ширење на корона вирусот, влијаеше и врз мониторингот на говорот на омраза. Имено, фокусот од предвремените парламентарни избори се префрли на состојбите поврзани со вонредната состојба, па се создаде можност од прибирање на податоци за уште една заштитна категорија - здравствена состојба. Од пријавените 113 случаи на говор на омраза во месец март, 49 случаи се говор на омраза врз основа на етничка припадност, додека 42 случаи се говор на омраза врз основа на политичка припадност. Во месец  март се регистрирани првите седум случаи на говор на омраза врз основа на здравствена состојба.

Во **април**, здравствената криза доби и меѓуетничка димензија, па нетрпеливоста помеѓу различните етнички групи беше лесно забележлива[18]. Во овој период, за време на велигденските празници, започна редицата рестриктивни мерки која ја зголемија нетрпеливоста и на етнички план. Оттука, од пријавените 112 случаи на говор на омраза, 53 случаи се врз основа на етничка припадност.

Одржувањето на собир во **мај**[19] по повод муслиманскиот празник Рамазан Бајрам[20] ги разгори страстите и предизвика етнички и верски базиран говор на омраза. Во текот на мај, 46 % од случаите се говор на омраза врз основа на етничка припадност, а 20% од случаите се говор на омраза врз основа на политичка припадност.

**Јуни** беше одбележан одлуката за одржување на предвремени парламентарни избори. Од нотираните случаи во текот на овој месец, 34%  ја имаат етничка  припадност како основа, додека пак 26% од  случаите се врз основа на политичка припадност.

Месец **јули** го одбележа кампањата за предвремени парламентарни избори.[21] Начинот на којшто се водеше оваа политичка кампања како резултат на заштитните мерки од КОВИД-19, најголемиот број пораки од страна на политичките партии беа пренесувани и дискутирани на социјалните медиуми. Иако голем дел од кампањата се водеше виртуелно, сепак следеше и традиционална кампања со одржување митинзи на кои не се почитуваа до крај мерките за заштита (особено носењето маски). Ова придонесе кон размена на говор на омраза на социјалните медиуми, кој освен политички, доби и етнички контекст.

[14] www.govornaomraza.mk
[15] Решение од Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија со број 09-1422/2 на 16.02.2020 година за распишување на предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија
[16] Ibid
[17] Ibid
[18] https://www.youtube.com/watch?v=mzZaJgXtKpk&feature=emb_title.
[19] https://mhc.org.mk/media/pandemi%d1%98ata-i-izborite-gi-vzheshti%d1%98a-soczi%d1%98alnite-so-govor-na-omraza/?fbclid=IwAR3BLQYqMT00OcY3HDB7Ng_gSO4dhxibRQyBQCa0nAtqcR7Qq0dcQ1Vplms
[20] https://mhc.org.mk/reports/mesechen-izveshta%d1%98-za-choveko-vite-prava-vo-republika-severna-makedoni%d1%98a-ma%d1%98-2020/?fbclid=IwAR1Bt7Jp3-8-CDT7HPFxMuDPqJCrd4EzuQ7MHTBueYjmRPundEaMb6LqT7o
[21] Парламентарни избори 2020, јули 15, 2020 година

Во **август**[22] продолжи негативниот дискурс од постизборието во јули, со крајно засилена и навредлива реторика. Преговорите околу новата влада продуцираа говор полн со омраза кои пред сè беа од етнички карактер во контекст на преговорите за состав на новата Влада. Беше употребуван навредлив говор директно кон одредени политичари, нарекувајќи ги „продадени", „предавници", итн. Во август соодносот е следен: 46% од регистрираните случаи се говор на омраза врз основа на етничка припадност, а 22% од случаите се врз основа на политичка припадност.[23] Исто така, по подолг временски период се забележува зголемување на говорот на омраза по однос на сексуална ориентација и родов идентитет.

[22] Одлука за избор на владата на Република Северна Македонија. Сл. весник на Р Македонија бр. 210/2020 од 30.08.2020
[23] Извор веб - платформа www.govornaomraza.mk

# ГОВОР НА ОМРАЗА НА ЛОКАЛНО НИВО СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ГРАДОВИТЕ ТЕТОВО, БИТОЛА И ШТИП

Иако секој град си има свои карактеристики и специфичности, локалниот контекст во Тетово, Битола и Штип е сличен на националниот контекст. Идентично како на ниво на цела држава и во овие три града најчесто застапени основи на говор на омраза се етничката припадност, политичката припадност и говорот на омраза кон припадниците на ЛГБТИ заедницата. Во сите три града, покрај коментарите искажани со зборови и фотографии на социјалните мрежи, на јавните простори беа воочени графити и цртежи со навредлива содржина кои предизвикуваат нетрпеливост, непочитување и омраза меѓу луѓето и заедниците. Глобалната здравствена криза резултираше со откажување на бројни случувања, па поради тоа изостануваат забележани случаи на говор на омраза од јавни настани во трите градови.

Следењето на говорот на омраза беше прилагодено со фокус на следење на локалните радио и телевизиски станици, како и на социјалните мрежи. На локално ниво беа набљудувани објави од локални портали, телевизии и сл., локални твитер и фејсбук - профили и групи кои објавуваат содржани поврзани со локален контекст.

Во Тетово се следеа веб - порталите: Тетово денес, Тетово инфо, Тетова сот, како и фејсбук фан - страните на ВМРО ОК Тетово, СДСМ ОК Тетово, Напред Тетекс, Војводи, Шкендија, Балисти и други. Од фејсбук - групите се следеше таа со назив - Го љубим Тетоо.

Во Штип се следеа локалните медиуми: Телевизија Стар, ТВ Ирис, Радио Канал 77, како и фејсбук – групите: Штипски Актуелности, San Shtipago и други.

Во Битола пак се следеше: Тера Телевизија, веб - порталот Апла, Bitolanews Bitola, како и фејсбук – страните: Битолски Проблеми, Битола сака чист воздух, Стари Битолчани, Спортски натпревари и други.

## ТЕТОВО

Во Тетово во периодот од јануари 2020 до ноември 2020 година се документирани вкупно 40 случаи на говор на омраза. 33 случаи се говор на омраза врз основа на етничка припадност, четири случаи на говор на омраза врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет и во три случаи станува збор за говор на омраза по основ на политичка припадност. Регистрирани се седум случаи на говор на омраза преку исцртување на цртежи и графити на објекти и јавни површини во градското подрачје. Шест од овие цртежи и графити се говор на омраза по основ на етничка припадност, додека еден цртеж содржи порака на омраза кон припадниците на ЛГБТИ заедницата. Останатите 33 случаи се регистрирани на социјалните мрежи и тие претставуваат објави или коментари од локалниот контекст.

Во една мултиетничка локална средина како Тетово, доминира говорот на омраза врз основа на етничка / национална припадност, упатена од Македонци кон Албанци и обратно. Нетрпеливоста, неприфаќањето и омразата помеѓу двете најголеми етнички заедници се присутни и во комуникацијата на социјалните мрежи Фејсбук и Твитер. Исто така, во самото градско јадро во Тетово на згради, ѕидови и други јавни површини се испишани содржини кои се навредливи и понижувачки за Македонците или за Албанците. Графитите со недолични текстови во суштина претставуваат повици на насилство и се сериозен поттик за извршување кривични дела од омраза помеѓу жителите на Тетово.

Предрасудите кон ЛГБТИ заедницата се на линија со националниот тренд на говор на омраза. Омразата поради сексуална ориентација и неприфаќање на различноста е втора по застапеност во Тетово. Овој вид говор на омраза е присутен независно од етничкиот контекст.

Како трета најзастапена основа во Тетово е омразата врз основа на политичка припадност. Забележана е реторика во насока на истакнување на предавници и патриоти, упатувајќи на политичката поделеност на жителите на Тетово.

*Во прилог се дадени неколку прикази како примери на најчестите облици на говор на омраза во градот Тетово.*




**приказ 1**

Во тунел помеѓу две згради на улицата „Маршал Тито“ е забележан графит со натпис: „Смрт за каури“. Натписот содржи говор на омраза кој предизвикува нетолеранција и нетрпеливост кон македонскиот народ.




приказ 2

Во центарот на Тетово на билборд со кој се повикува за еднакви права на ЛГБТИ заедницата испишан е натпис со говор на омраза: „Смрт за педери“.

**коментари**

„Прават скрининг на ситуација и наклонетост.“

„Ова под итно да го снема или тепање треба.“

„Ќе треба акција.“



приказ 3

Во близината на Средното стручно економско училиште „8 Септември“ – Тетово е забележан графит со содржина: „Каурски пички“. Овој графит со вулгарна содржина е типичен говор на омраза врз основа на етничка припадност.




приказ 4

Партиски активист на ВМРО - ДПМНЕ од Тетово жестоко ги критикува активностите на СДСМ во рамките на предизборната кампања, објавувајќи навредлива содржина на својот фејсбук - профил со зборовите: „алоооооо ретрдирани комунистички гомна сте напраеле спот со тоа куче касапско од сириза како не ви е срам". Оваа објава е политичка нетолеранција и нетрпеливост содржи говор на омраза врз основа на политичка припадност




приказ 5

Графит во центарот на Тетово со содржина: „Тетово е Албанија".

# БИТОЛА

Во Битола се забележани вкупно 55 случаи на говор на омраза. 49 случаи се забележани на социјалните мрежи Фејсбук, Твитер и Тик ток, додека останатите шест се графити и цртежи на јавните површини во градот. Два од графитите се со содржина на говор на омраза кон ЛГБТИ заедницата, додека другите четири имаат порака на омраза врз основа на етничка припадност. Говор на омраза врз основа на етничка припадност е забележан во 36 случаи[24], омразата кон ЛГБТИ заедницата е забележана во осум случаи. Пет случаи се говор на омраза врз основа на политичка припадност, пет случаи се говор на омраза врз основа на здравствената состојба, а забележан е и еден случај на говор на омраза врз основа на социјално потекло.

Како припадници на една од најмаргинализираните групи граѓани во Северна Македонија, Ромите, особено во Битола, го трпат најинтензивниот говор на омраза[25] во секојдневната комуникација на социјалните мрежи. Од вкупно документираните 36 случаи на говор на омраза врз основа на етничка припадност, 23[26] се говор на омраза кои директно и експлицитно се насочени кон Ромите. Ромите[27] се посочувани како виновници за секој општествен проблем или пак обвинувани за многу социјално - патолошки појави, што се потврдува во месечните извештаи од мониторингот извршен во Битола. Во текот на септември[28] повеќемина Роми беа сурово претепани од страна на полицијата, а случајот беше разоткриен во јавноста неколку дена подоцна. Овој настан предизвика силен бран коментари од битолчани на социјалните мрежи, кои ги осудуваа Ромите како штетни за општеството.[29]

Говорот на омраза врз основа на здравствената состојба особено се зачести во Битола како последица на пандемијата од корона вирусот. Но, и во тој контекст, омразата беше насочена најмногу кон Ромите[30]. Од регистрираните 5 случаи на говор на омраза врз основа на здравствена состојба, два се однесуваат на Ромите сместени во државен карантин.

Како резултат на сѐ поизразената поделеност на општеството, политичката нетрпеливост и нетолеранција, изразена преку изливи на омраза кон политички неистомисленици, е присутна и во Битола. Одржувањето на предвремените парламентарни избори и управувањето со здравствената криза, предизвика говор на омраза на социјалните мрежи врз основа на политичка припадност. 10% од вкупниот број на случаи во Битола се врз оваа основа.

Говорот на омраза кон ЛГБТИ заедницата не ја изоставува ниту Битола. Неприфаќањето, нетолеранцијата и дискриминацијата кон ЛГБТИ заедницата е присутна со ист интензитет како на националното ново. Со вкупно осум случаи регистрирани во Битола, од кои два се графити кои содржат говор на омраза кон ЛГБТИ заедницата, сексуалната ориентација како основ е на второто место по присутност, со 14.5% од вкупниот број на случаи регистрирани во овој град.

[24] 65% од вкупниот број на случаи
[25] Извор веб платформа www.govornaomraza.mk
[26] Од вкупните случаи регистрирани во Битола се говор на омраза насочена кон Ромите
[27] https://mhc.org.mk/media/helsinshki-i-ava%d1%98a-reagi-raat-na-nov-slucha%d1%98-na-policziska-brutalnost-kon-romi-vo-bitola/?fbclid=IwAR1hiAkmqjEcMfMEblpKjKi9oE9MJl27nlCEelr_ybkJTPZcyojeRLEXS6A
[28] https://www.slobodenpecat.mk/pretepanite-romi-od-bitolskata-policzija-svedochea-vo-zhivo-ne-maltretiraa-kako-stoka-ne-tepaa-i-drzhea-vo-stanicza-do-5-sabajle-video/
[29] Извор веб платформа www.govornaomraza.mk ( Еден од повеќето коментари: „А ѓупците во Битола се рак рана во градот. Го засмрдеа цел град, крадат, се проституираат и го загнасија цел град")
[30] Извор веб платформа www.govornaomraza.mk ( Случајот со битолските Роми упатени во државен карантин во касарната „Криволак")

Специфичност за Битола е феноменот на постоење на неонацистички групи поврзани со Skinhead[31] супкултурата. На неколку локации низ градот се забележани антисемитски графити и натписи кои се типичен говор на омраза.

*Во прилог се дадени неколку прикази како примери на најчестите облици на говор на омраза во градот Битола.*



приказ 1

На ул.„Јане Сандански“ на првиот кат во објект познат под името „Шехерезада“ е испишан натпис „шиптар“ и исто така се исцртани повеќе кукасти крстови.



приказ 2

На Фејсбук преку опцијата „story“ од приватен профил беше споделена фотографија која поттикнува и шири омраза кон ЛГБТИ заедницата.

[31] Скинхед(с)и,Скинси (англ. skinheads, „избричени глави“) припаѓаат на една поткултура која води потекло од младите припадници на работничката класа во Обединетото Кралство во шеесетите години (1968-1969).




приказ 3

За отворањето на јубилејното 15-то издание на АКТО фестивалот за современа уметност на фасадата на киното „Партизан“ во Битола беше испишана порака: „Црни, бели, калеши, жолти, заборавете на старите кавги. Штом муабет почнете со луѓето здружни, набрзо сите ќе бидеме сложни“, извадок од „Песната за солидарноста“ на Бертолд Брехт. За неполни 24 часа, во текот на ноќта, со црна боја беше испишана порака: „Смрт за Срби!! + Смрт за шиптари!!!“.

На фејсбук - страницата на групата „Битолски проблеми“ беше објавена вест во врска со реновирањето на детското одморалиште во Националниот парк Пелистер. Во продолжението на објавата од корисници на социјалната мрежа се напишани коментари кои содржат говор на омраза кон припадници на политичка партија.

**коментари**

„За вас само Хитлер и секој по заслуга, ама мислам најубаво е сапун и БИШКИТЕ да ги капиме во него.“

„Менгеле треба нов спот.“




приказ 4




приказ 5

Во рамките на фејсбук - групата „Битолски проблеми“ беше поставена објава од страна на член на групата со фотографија и текст „Ќе не умрат ѓупците за пусти гласој“.




приказ 6

## коментари

„Море еден месец да ве чуваат таму, а знам дека и дома не ви е посредено него во Криволак.“

„Ела дојди брат, јас ќе те однесам кај сите Роми да видиш како живеат, а ти каква личност си, злобен и имаш нешто против ромите, што не е ок во 21 век. Ништо лошо ви немаме направено и не коментирај лајна, да читаат сите. Гледај си во Демир Хисар како живеете.“

„Абе, од Битола сум и јас.“

Група на Роми сместени во карантин во касарната во Криволак известуваат на ужасните услови во кои се сместени, притоа објавуваат видео за состојбата таму: https://www.youtube.com/watch?v=mzZaJgXtKpk&feature=emb_title. Граѓаните Роми велат дека сите други биле пуштени во домашна изолација односно карантин и дека само тие се задржани тука. Оваа вест е објавена од страна на локалната телевизија Тера, во продолжение на објавата следат остри критики и омраза на овие луѓе бидејќи не можеле да ги издржат условите.

# ШТИП

Во Штип, состојбата со говорот на омраза по зачестеност и интензитет е приближно иста со останатите два града. Нетрпеливоста и неприфаќањето на различностите доаѓаат до израз преку дискриминаторски говор видлив на социјалните мрежи. Идентично со националниот контекст, говорот на омраза врз основа на етничка припадност е најзастапен и во овој град. Истото се однесува и на омразата поради политичка припадност.

Вербалните напади кон ЛГБТИ заедницата се исто така еден од најчесто застапените видови на омраза во секојдневната комуникација на социјалните мрежи, а присутен и во форма на графити на јавните површини низ градот. Во Штип е забележан говор на омраза врз основа на верска, односно религиска припадност, особено во периодот на верските празници.

Во Штип се забележани вкупно 36 случаи на говор на омраза. Говорот на омраза врз основа на етничка припадност е најзастапен со вкупно 23 случаи. Шест од случаите се говор на омраза врз основа на политичка припадност, а шест случаи се врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет. Забележан е еден случај на говор на омраза врз основа на религија и религиска припадност. Три случаи на говор на омраза се евидентирани на цртежи и графити на објекти и јавни површини градот. Еден е заснован на политичка припадност, еден е говор на омраза врз основа на етничка припадност и еден натпис со содржина насочена против ЛГБТИ заедницата. Другите 33 случаи се регистрирани на социјалните мрежи и претставуваат објави или коментари за случувања во градот Штип.

*Во прилог се дадени неколку прикази како примери на најчестите облици на говор на омраза во градот Штип.*




приказ 1

Графити кои содржат говор на омраза врз основа на етничка припадност, но и скриен говор на омраза кон политички неистомисленици.




приказ 2

На фејсбук - страницата „Налет да се сторите" објавена е фотографија од собир на верници. Текстот од објавата поттикнува и разгорува нетрпеливост и нетолеранција, и содржи говор на омраза врз основа на етничка и верска припадност.

**коментари**

„Сатанистичките стоки северџански почнаа со плукање по верниците и црквата. Ако забележите нешто слично пишете ни."

**коментари**

„Кампањата умри како шиптар започна... Црпко ќе одел сега на 5ти јули на избори... Луд полуде..."

На твитер - профилот „Thunder Strake" беше објавена фотографија со модифицирано лого од политичката партија СДСМ на кое во ѕвездата е вметнат амблемот на УЧК. Ваквата фотографија шири и поттикнува говор на омраза врз основа на етничка припадност.




приказ 3




приказ 4

Во Штип на ѕидовите на Градскиот стадион беше исцртана уметничка инсталација – мурал во боите на виножитото како симбол на ЛГБТИ заедницата. Веста беше споделена на фејсбук - страницата Makedonski.press, а во продолжение на објавата следуваат коментари со говор на омраза, нетрпеливост и нетолеранција кон ЛГБТИ заедницата. Истата вечер, по исцртувањето на муралот, од страна на непозната група сторители на муралот е испишан графит со содржина: „Педери умрете од сида“.

**коментари**

Makedonski.press - „Денес градскиот стадион на Штип изгледа вака... Можеме повеќе, можеме подобро!!“

„Бате, уште вечер ѕидот ќе биде обелен. Не ни сакаме да гледаме психопати, а после ако се појавите на друго место да боите педерски симболи низ градот ќе ви демонстрирам ортопедија.“

„Дајте адреса и да ги пратиме ‘уметниците’.“

„Ок е другарче. Кажавте.“

„Има закон таму што ќе биде нацртано другар, а тие педерските симболи ваши да си ги цртате со партнерот дома, а не таму кај што не ви е место.“




приказ 4.1

**коментари**

„Ова е сигурно дел од новата трибина што е изградена.“

„Не е можно.“

„Крвта педерска.“




приказ 4.2

**коментари**

„Слободно вклучи се, јас ќе ве исклучам. Ќе биде обелен ѕидот. Штип не е педерски град. Таа демонстрација на друго место. Секој што ќе се појави да црта, ќе го снајде зло.“

„Ништо не е вечно, па ни муралот. Жалам што не сте ни виделе што ќе има нацртано, а вака мислите. Поздрав“

„Ристе, ок е.“

„Бате, уште вечер ѕидот ќе биде обелен. Не ни сакаме да гледаме психопати, а после ако се појавите на друго место да боите педерски симболи низ градот...“

# СОЗНАНИЈА ОД СЕКТОРИТЕ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ ОД ТЕТОВО, БИТОЛА И ШТИП

Во рамките на проектните активности беа одржани состаноци со претставниците на  Секторите за внатрешни работи во Тетово, Битола и Штип. Состаноците беа одржани, пред сè со намера да се воспостави соработка, но и да се споделат информации и искуства за пријавените случаи на говор за омраза на локално ниво.

Заклучокот од сите состаноци е дека во сите средини инспекторите се соочуваат со истите предизвици  во однос на  проблемот со говорот на омраза. Во сите три града постојат навивачки спортски групи, кои неретко предизвикуваат инциденти и секогаш упатуваат пораки на омраза. Многу мал број случаи имаат конечна судска завршница.

Покрај постоењето на „Стандардните оперативни процедури" во рамките на Министерството за внатрешни работи, недостасуваат јасни  прецизни  правила  за  постапување  во случаите каде постои  говор на омраза. Одредени кривични дела[32] се премногу обемни за во себе да ги опфатат и сите случаи на говор на омраза.

Од страна на  инспекторите беше укажано за потребата од обуки на полициските службеници и изготвување на Прирачници – водичи за препознавање на кривичните дела, кои  го имаат говорот на омраза како инкриминација. Беа посочени и потешкотии при собирањето на докази, докажувањето на кривичните дела и  пронаоѓањето на сторителите, а особено на оние сторени преку компјутерски  систем. Од страна на инспекторите беше побарано  во иднина организираните обуки да бидат дизајнирани во правец на разработка на  конкретни случаи и споделување на најдобрите европски практики.

[32] Член 319 од Кривичниот Законик - Предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост.

# ЗАКЛУЧОЦИ

1 Најзастапен говор на омраза и на национално и на локално ниво е говорот на омраза врз основа на етничка припадност.

2 Политичката поделеност на граѓаните во трите града Битола, Штип и Тетово резултира со говор на омраза кон политичките неистомисленици.

3 Предрасудите и стереотипите кон припадниците на ЛГБТИ заедницата се видливи во трите града, што се покажува и со статистиката на говор на омраза кон оваа група.

4 Развојот на технологијата доведе до брз развој на социјалните медиуми[33] кои станаа главен простор за размена на информации и пораки со голема брзина, а со тоа овозможија и брзо ширење и на говорот на омраза.

5 Во недостиг на јасна правна рамка и на обуки за препознавање на говорот на омраза, Секторите за внатрешни работи во трите града имаат потешкотии во бележење, регистрирање и пријавување на ваквите дела, собирање на доказите и нивно процесирање до надлежните јавни обвинителства.

6 Потребна е промена во законодавството на начин што одредени полесни форми на говор на омраза би биле третирани како прекршоци, како и јасна дистинкција и правна квалификација на сите форми на говор на омраза.

[33] Фејсбук, Твитер, Инстаграм

# ПРЕПОРАКИ

Согласно наодите и заклучоците кои произлегуваат во извештајот, а со цел да се детектира и да се спречи засилениот интензитет на говорот на омраза и притоа да се промовира принципот на толеранција и недискриминација, се предлагаат следниве препораки:

1. Воспоставување на сеопфатен едукативен превентивен механизам во основното и средното образование во рамки на предметот Граѓанско образование, со цел прифаќање на различностите и рано надминување на предрасудите.

2. Поддршка и спроведување на јавни кампањи од страна на извршната и локалната власт со цел сензибилизација на јавноста за прифаќање на различностите, базирани на толеранција и почитување.

3. Со оглед на фактот дека говорот на омраза кон лицата со различна сексуална ориентација е трет по застапеност, препорачуваме измена во Кривичниот законик и додавање на сексуалната ориентација и родовиот идентитет како еден од основите за гонење на сторителите.

4. Проактивна улога на Министерството за внатрешни работи во делот на следењето на говорот на омраза на социјалните медиуми, како и навремена реакција и пријавување на ваквите дела.

5. Систематски обуки за вработените во Министерството за внатрешни работи во делот на говор на омраза и криминалитет од омраза.

6. Навремено и ефикасно постапување на Јавното обвинителство во случаите поврзани со говор на омраза.

7. Воспоставување на јасна правна рамка со цел ефективно санкционирање на говорот на омраза.

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА МОНИТОРИНГ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА НА ЛОКАЛНО НИВО ВО ГРАДОВИТЕ ТЕТОВО, БИТОЛА И ШТИП**

2020

@#%!

@#%!